( Образец ПП……)

**До: Агенција за вработување на РСМакедонија**
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:**

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

На ден 29.јануари 2021 година до шалтерската служба доставив Решение за отказ на договор за вработување поради деловни причини за двајца вработени. Пред 30 дена, односно на 29.12.2020год до работниците е доставена одлука за отказ со отказен рок од 30 дена.

Шалтерскиот работник не ги одјави вработените со образложение дека требало со ИЗВЕСТУВАЊЕ (ваш интерен формулар) да ја известам Агенцијата за вработување 30 дена претходно, односно на ден 29.12.2020 година. Иако укажував дека не се работи за колективно отпуштање на работници, сепак службата не ги одјави вработените.

Од службата во Агенцијата го зедов известувањето. Во горниот дел стои дека треба да дадам известување согласно **член 95 став 2 од ЗРО** кои вработени ќе добијат отказ на договорот за вработување од деловни причини.

Член 95 од ЗРО се однесува на колективно отпуштање на работници, односно на повеќе од 20 работници, а бидејќи ние даваме отказ на 2 вработени, не сме обрзани за известување согласно наведениот член.

Со тоа Агенцијата ни нанесува ШТЕТА ВО ВИСИНА ОД ДВЕ БРУТО ПЛАТИ.

Затоа бараме ДА НИ СЕ ДОСТАВИ ПРАВНИОТ АКТ(Член од Закон, Правилник, Уредба и сл) ВРЗ ОСНОВ НА КОЈ ДЕТСКОТО ОДМОРАЛИШТЕ РАДОСТИ 1955 Е ОБВРЗАНО ДА ЈА ИЗВЕСТИ АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РСМ ЗА ОТКАЗ ОД ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ ЗА ДВАЈЦАТА ВРАБОТЕНИ.

**Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација**:

[redacted] бара да биде запознаен со содржината на бараната информација со електронски запис, согласно Законот.

**Начин на доставување на информацијата:**

Бараме информацијата да ни биде достамена преку маил и тоа на следниот маил [redacted]

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 29.01.2021 година .** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje. PO Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk